# З А П И С Н И К

Од дванаесеттата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 15.08.2022 година, (понеделник) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни:** 14 советници.

**Отсатни:** Оправдано отсатен, Дејан Ристовски.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред

## Дневен ред

1.Разгледување и усвојување на записникот од единаесеттата седница на Советот на општина Брвеница.
2.Предлог-Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на општина Брвеница.
3.Предлог-Одлука со која се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 на ОЈП ,,Вардар,, - Брвеница.
4.Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ ,,Коста Рацин,, с.Брвеница за учебната 2022/2023 година.
5.Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ ,,7 Марси,, с.Челопек за учебната 2022/2023 година.
6. Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ ,,Гоце Делчев,, с.Стенче за учебната 2022/2023 година.
7.Предлог-Одлука со која се дава согласност на Одлуката за зголемување бројот на деца по групи за учебната година 2022/2023 во ЈОУД-детска градинка ,,СОНЦЕ-ДИЕЛИ,, -Брвеница.
8.Предлог-Одлука за усвојување на Одлуката за Годишен Извештај за работа на ЈОУД-детска градинка ,,СОНЦЕ-ДИЕЛИ,, Брвеница, за 2021/2022 година предложен од Управниот одбор на детската градинка.
9. Предлог-Одлука за утврдување на работното време на ЈОУД-детска градинка ,,СОНЦЕ-ДИЕЛИ,, Брвеница.
10.Предлог-Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Брвеница за 2022 година.
11.Разгледување и усвојување на Втор Квартален извештај за извршување на Буџетот за период од 01.01.2022 – 30.06.2022 година.
12. Предлог-Годишна Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Брвеница за 2022/2023 год.

13.Предлог-Одлука за ослободување од изготвување на геолошки и геомеханички елаборати за испитувања на земјиштето во предложениот плански опфат на населените места во општина Брвеница.
14.Предлог-Одлука за формирање на Совет за социјална заштита на општина Брвеница.

Претседателот на Советот праша дали има некој да се јави за збор за изменување и дополнување на дневниот ред и кажа, истовремено кажа четрнаесеттата точка да се тргне од дневнио ред и збор му даде на Претседателот на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања.

Претседателот на Комисијата за верификација, мандатни прашања, избори и именувања кажа, по консултација со Градоначалникот бидејќи можело само со Изјава да се аплицира за проекти од социјална сфера точката ја тргнавме од дневниот ред и на комисијата, предлагаме и вие да ја тргнете.

Претседателот на Советот кажа, тогаш повторно имаме 14 точки бидејќи ја тргаме точката ,,Предлог-Одлука за формирање на Совет за социјална заштита на општина Брвеница,, и на нејзино место нека стои точката од ОЈП ,,Информација за влошената состојба по однос кризата за електрична енергија и сметките за 6-ти месец,,.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот, дневниот ред со повлекувањето на точката ,,Предлог-Одлука за формирање на Совет за социјална заштита на општина Брвеница,, и точката ,,Информација за влошената состојба по однос кризата за електрична енергија и сметките за 6-ти месец,, која ја ставивме на нејзино место, го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатен од присутните 14 советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред **„**Разгледување и усвојување на записникот од единаесеттата седница на Советот на општина Брвеница**„** Претседателот на Советот ја прочита истата и праша дали некој има забелешка на записниците за единаесеттата седница на Совет.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Претседателот на Советот точката **„**Записник од единаесеттата седница на Советот на општина Брвеница**„** , го стави на гласање и истиот беше едногласно усвоен од присутните 14 советници.

**II**

По однос втораа точка на дневен ред, **„**Предлог-Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на општина Брвеница. ,, Претседателот на Советот ја прочита истата и збор и даде на правната служба.

Од правната служба ја прочита точката и кажа, согласно Законот за вработување во јавен сектор секоја година се носи план за вработување до први септември, Советот е должен да даде согласност но може да даде и забелешки по однос на предлогот а функционерот е должен да постапи по забелешките, исто така планот може да претрпи измени. Моментално вработени во општината сме 24 но во планот стои бројот 26 бидејќи планот од 2021 за 2022 две нови вработувања но не се реализирани, а за планот во 2023 се предвидени 11 нови вработувања но немора да значи дека ќе бидат реализирани а за наредната година има предвидено едно пензионирање додека унапредувања нема. Соодветната од општината објаснуваше по табелите

како што е наведено во планот по однос предвидените работни места и го објаснуваше балансерот, ја читаше табелата со сите можни распределби на ново вработените лица во сооднос македонци-албанци. По балансерот од предвидените 11 нововработени 3 се македонци а 8 албанци, по однос пописот на населението направен 2021 година.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на општина Брвеница„ ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 14 советници.

**III**

По однос третата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука со која се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 на ОЈП „Вардар„ - Брвеница „ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на претставникот од ОЈП.

Претставникот од ОЈП кажа, ова е план за вработување за наредната година. Во планот за вработување има предвидено 3 вработувања во администрација и 6 за давање на услуги. Во администрација се предвидени 1 економист и 1 благајник и 1 правник, додека за давање на услуги, 3 читачи на водомери, 1 шофер, 1 водоинсталатер и еден раководител на вработените за давање на услуги.

Претседателот на Советот отвори расправа и воедно праша, за читачите на водомери прашувам, дали биле вработени до сега.

Претставникот од ОЈП одговори, еден од Радиовце се пензионираше, еден од Брвеница поради болест и еден од Блеце за вработување, имавме предвидено и за оваа година но тоа вработување не е реализирано.

Претседателот на Советот се надоврза и кажа, значи не се сите чисти вработувања туку поради болест и пензионирање и поради реалната потреба да се прифати планот.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука со која се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 на ОЈП „Вардар„ - Брвеница „ , ја стави на гласање и истата беше прифатена со 14 ЗА од присутни 14 советници.

**IV**

По однос на четвртата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „Коста Рацин„ с.Брвеница за учебната 2022/2023 година„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на Комисијата за општествени дејности кажа, комисијата ја разгледа точката, материјал сме имале сите, ние точката ја изгласавме, предлагаме и вие да ја изгласате.

Соодветниот од општината кажа, што се однесува до годишните планови на училиштата, денес имате присутни 2 директора и еден претставник од третото училиште. Инаку, препорачувам да бидете конструктивни.

Претседателот на Советот кажа, советниците имале материјали, директорите се тука, директорот од ОУ Гоце Делчев се јави и прати замена, ве повикувам на дискусија, комуникацијата да биде поплодна, знаеме дека сите училишта имаат проблеми но да се подржуваме за доброто на образованието.

Претседателот на Советот збор и даде на директорката на ОУ Коста Рацин која кажа, Годишната програма е краткорочен документ кој кој се изработува на почетокот на учебната година и тоа врз основа на Законот за основно образование, Законот за работни односи, Законот за јавни набавки и други закони и подзаконски акти. Програмата секоја година се обновува и се доставува до Советот на разледување во пропишаниот законски рок до 15 август со што чекаме одобрување и понатака да ја испратиме до надлежните институции, инспекторат, БРО и МОН, пред да ја добиеме согласноста на Советот не можеме да одиме понатаму. Сите сте имале можност да ја разгледате, тука е опфатено буквално од општи податоци за училиштето, за условите за работа онаа која што ни е најгорлива тема на сите, понатаму материјално-финансиско работење, мисија и визија, систематски прегледи, училишна клима, професионален и кариерен развој на образовниот кадар, соработка со родителите, со јавноста, евалуација на програма, прилози, ова е значи накратко што опфаќа програмата.

Понатака директорката на ОУ Коста Рацин продолжи да образлага по однос програмата.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор и бидејќи се беше претходно објаснето Претседателот на Советот точката „Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „Коста Рацин„ с.Брвеница за учебната 2022/2023 година„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 14 советници.

**V**

По однос петтата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „7 Марси„ с.Челопек за учебната 2022/2023 година„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на комисијата кажа, и оваа точка беше на дневен ред и за неа материјал сме имале сме го разгледале и точката едногласно ја прифативме, предлагаме и вие да ја прифатите.

Претседателот на Советот кажа, ние на комисија имавме една забелешка во врска со тоа дека во програмата каде што е списокот на вработени има податоци кои не се точни, како на пример 3 учители кои се пензионирани а се водат како да се во работен однос, потоа има и вработени кои не се на листата.

Директорот на ОУ 7Марси кажа, се работи за техничка грешка односно за пропуст кој ќе се среди.

Претседателот на Советот збор му даде на директорот на ОУ 7Марси кој кажа, поздрав до сите, како што кажа и колешката претходно содржината на програмата е иста, потребите се исти и проблемите исто така. Голем поздрав до Градоначалникот, струјата ни е платена од страна на

општината, тука влегува и горивото. Купувањето на автобусот за превоз на учениците исто така е добар чекор  затоа што нема веќе да плаќаме за ранспорт. Сакам да ве кажам по однос фотоволтаичните панели,  истите не се во функција, има панели но не се во функција. Во МОН доставен е проект за фасада на училиште каде во одредено време, ги доставивме проектите па ќе интервенираме. Со сето ова ќе има можност за штедење на елетрична енергија.
Исто так  кога се заблагодарувам на Градоначалникот требаше и на Советот.

За зоб се јави Абеб Нухии и кажа, нема да додадам ништо само како информација за советниците, ние како советници и Градоначалникот изготвивме долгорочна програма до 2025 година, во врска со штедењето на електрична енергија  опфатени се и училиштата во врска со фасади и слично.

Бидејќи никој друг не се јави за збор  Претседателот на Советот точката „Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „7 Марси„ с.Челопек за учебната 2022/2023 година„  ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на 14 присутни советници.

**VI**

По однос шестата точка на дневниот ред  „Предлог-Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „Гоце Делчев„ с.Стенче за учебната 2022/2023 година„  Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на Комисијата за општествени дејности кажа, и оваа точка како и претходните две едногласно беше прифатена од страна на комисијата, предлагаме и вие да ја прифатите.

Претседателот на Советот збор и даде на соодветната од ОУ Гоце Делчев која кажа, сакам да ве поздравам и од името на директорот кој не можеше да присуствува оправдано.  Годишната програма на училиштето ја работиме тимски дел од наставничкиот кадар, јас, педагогот, директорот, да не се повторуваме имаме исти подрачја кои ги работиме сите три училишта според законот за основно образование тоа е  објектите, вработувањата, распределба на часови,  на наставници и воспитно образовниот дел. Се надевам дека на сите ви беше пратена на mail годишната програма сте ја разгледале па доколку имате нешто нејасно  јас сум тука да ви образложам и тука е наставничката која учествуваше во изработката.

Бидејќи никој не се јави за збор   Претседателот на Советот точката  „ Одлука за усвојување на Годишната програма за работа на ОУ „Гоце Делчев„ с.Стенче за учебната 2022/2023 година„  ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните  14 советници.

**VII**

По однос седмата точка на дневниот ред  **„**Предлог-Одлука со која се дава согласност на Одлуката за зголемување бројот на деца по групи за учебната година 2022/2023 во ЈОУД-детска градинка „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ -Брвеница „ , Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на комисијата кажа, исто и оваа точка едногласно беше прифатена од страна на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на Советот кажа, едно прашање ќе имам и јас, дали градинката ги исполнува условите за зголемување на бројот на деца.

Претседателот на Советот збор и даде на директорката на ЈОУД-детска градинка „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ -Брвеница која кажа, според член 64 од Законот за заштита на деца според основачот може да даде дозвола за поголем или помал број на деца да се згрижат од тоа што е

дадена дозволата од МТСП. Да, градинката со 65 деца има со овие три групи отворени односно занимални што се отворени, четвртата занимална со која што располагаме не беше минатата година отворена поради недостиг на кадар односно и на самите огласи не се пријавуваат лица кои ги исполнуваат сите услови, затоа оваа група не беше отворена и реално градинката беше отворена за деца од 80-100 но моменталната состојба била каква што била и МТСП дала дозвола за 65 деца, реално со уште една занимална за 20 дечиња може да се стигне до 80 деца. Имавме и инспекција минатиот месец и тие увидоа на терен дека има простор, цела просторија е слободна и може да се згрижат деца. Реално добро би било да се отори таа просторија бидејќи оваа година имаме седумдесет и три пријави на нови деца кои што чекаат а жално е занималната да стои празна а децата дома наместо згрижени.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука со која се дава согласност на Одлуката за зголемување бројот на деца по групи за учебната година 2022/2023 во ЈОУД-детска градинка „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ -Брвеница „ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните -- советници.

**VIII**

По однос осмата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за усвојување на Одлуката за Годишен Извештај за работа на ЈОУД-детска градинка „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница, за 2021/2022 година предложен од Управниот одбор на детската градинка„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на Комисијата за општествени дејности кажа, и оваа точка од дневиот ред се разгледа на комисијата, ние ја прифативме, предлагаме и вие да ја прифатите.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за усвојување на Одлуката за Годишен Извештај за работа на ЈОУД-детска градинка „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница, за 2021/2022 година предложен од Управниот одбор на детската градинка„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 14 советници.

**IX**

По однос деветтата точка од дневниот ред „Предлог-Одлука за утврдување на работното време на ЈОУД-детска градинка „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на Комисијата за општествени дејности кажа, и оваа точка беше на дневен ред исто така ја разгледавме и ја прифативме, предлагаме и вие да ја прифатите.

Во поглед на оваа точка самото работно време на градинката е според заинтересираноста и нормално потребите на родителите, доколку во оваа година се случи да има измени но секако со ваша дозвола, законски основачот дава дозвола за работното време. Од 6 часот до 16 часот, затоа што самата готвачка доаѓа од шест и ја започнува својата работа и садомијачот заедно. Сега засега имаме од родителите до 16 часот заинтересираност, така да доколку имаме потреба ќе бараме од вас.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за утврдување на работното време на ЈОУД-детска градинка „СОНЦЕ-ДИЕЛИ„ Брвеница„ ја стави на гласање и истата едногласно беше прифатена од присутните 14 советници.

**X**

По однос десеттата точка на дневниот ред „Предлог-Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Брвеница за 2022 година„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата по финансии.

Претседателот на Комисијата по финансии кажа, оваа точка во комисијата беше едногласно прифатена бидејќи беше разгледување и усвојување.

Претседателот на Советот даде 5 минути пауза додека дојде соодветниот од општината.

Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината.

Соодветниот од општината кажа, проширувањето на буџетот се случува бидејќи имаме склучено договор со УНДП за невработени преку АВРМ. Имаме ангажирани тројца даватели на услуга по 20 часа неделно и 20 часа неделно ќе работат. Средствата кои ќе им се исплаќаат се 9.000 денари месечно за еден а 27.000 денари за тројцата исто така месечно, додека 20% е учеството на општината, значи бруто е 9.000 има и давачки и нив им остануваат околу седум иљади денари и нешто повеќе.

Јас предвидов 350.000 денари, малку се повеќе предвидени но така е во ред. Значи ова проширување на буџетот е наменско, поточно е за оваа намена, за исплаќање на ангажираните лица отворивме нова сметка.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Одлука за проширување на средствата на Буџетот на општина Брвеница за 2022„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 14 советници.

**XI**

По однос единаесеттата точка на дневниот ред „Разгледување и усвојување на Втор Квартален извештај за извршување на Буџетот за период од 01.01.2022 – 30.06.2022 година„ Претседателот на Советот ја прочита и збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, и оваа точка беше на дневен ред на комисијата и ова е само разгледување и усвојување на извештајот.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Втор Квартален извештај за извршување на Буџетот за период од 01.01.2022 – 30.06.2022 година„ ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 14 советници.

**XII**

По однос дванаесеттата точка на дневниот ред „Предлог- Годишна Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Брвеница за 2022/2023 год„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за урбанизам

Претседателот на Комисијата за урбанизам кажа, на дневниот ред имавме две точки и оваа беше како прва точка, за оваа програма претставникот од општината ни објаснуваше дека се носи секој година, парцелите кои ви биле како материјал се во село Челопек и село Теново, значи во село Челопек се работи за парцели наменети за куќи а во Теново за стоваришта. Тие биле и минатата година во програма, парцелите кои се продадени не се веќе во програма. Значи во програмата се парцелите кои не се продадени, затоа секоја година се носи програмата. Ние сме обврзани да ја донесеме оваа програма. За парцелите кои се во Челопек им се дава предност на социјалните

категории на граѓани и младите брачни парови кои имаат желба за градба на дом, имаат понизок стандард да им се овозможи да можат да ги купуваат овие парцели, како ќе биде тоа незнам но тие што ја правеле програмата сигурно го обмислиле и тоа.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„**Годишна Програма за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Брвеница за 2022/2023 год **„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 14 советници.

**XIII**

По однос тринаесеттата точка на дневниот ред **„**Предлог-Одлука за ослободување од изготвување на геолошки и геомеханички елаборати за испитувања на земјиштето во предложениот плански опфат на населените места во општина Брвеница,, Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за урбанизам.

Претседателот на Комисијата за урбанизам кажа, ние како комисија ја разгледавме и оваа точка, се работи за ослободување од изготвување на два елабората, геолошки и геомеханички за испитувања на земјиштето во предложениот плански опфат на населените места во општина Брвеница, значи испитување на земјиштето кое припаѓа на село Брвеница. Беше присутен претставникот од урбанизам, имавме некои нејаснитии кои потоа ги објаснивме и се изјаснивме согласно тоа што објаснуваше претставникот од општината оваа одлука се однесува за ослободување на општината од изготвување од овие два елабората. Значи, согласно член 1 и консултациите кои ги имавме ова треба да значи дека сите парцели кои се под 300 квадрати треба да се ослободени.

Претседателот на Советот кажа, нашата општина нашето земјиште е стабилно и нема лизгање на истото. Ова е безбедно земјиште, тие кои се под 300 метра квадратни се ослободени од изработка на овие елаборати.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„**Одлука за ослободување од изготвување на геолошки и геомеханички елаборати за испитувања на земјиштето во предложениот плански опфат на населените места во општина Брвеница**„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните 14 советници.

**XIV**

По однос четиринаесеттата точка на дневниот ред **„**Информација за влошената состојба по однос кризата за електрична енергија и фактурите за 6-ти месец „ Претседателот на Советот ја прочита истата и ажа, ова беше како дополнителна точка, како информација, ова е едно барање по кое не стигнале да ги подмират долговите за потрошена електрична енергија. Дали ние треба да донесеме некаков акт по однос на ова.

Од правната служба кажа, бидејќи е како информација не треба да се носи никаков акт.

Претседателот на Советот збор му даде на претставникот од ОЈП и кажа, во иднина ќе биде тука и Градоначалникот па ќе видиме како ќе го решат овој поблем.

Претставникот од ОЈП кажа, многу тежок и сериозен проблем е овој проблем со струјата, ние сите пумпи ги имаме на струја и до нова година сме биле така добро сме се држале но од нова година наваму ситуацијата е многу лоша. И градоначалникот го информираме за истиот проблем.

За шести месец кога ни дојде фактурата сумата беше многу висока, кога би направиле споредба со шести месец минатата година и шести месец оваа излага дека четири пати е повисока сметката за оваа година а во наредниот период следуваат уште покачувања на струјата. Заради високите сметки ОЈП ќе испадне на четвртата блок тарифа и поскапување ќе има до 130%. Ова е многу сериозен проблем и ние не знаеме што да правиме, нее државен, нее општински, ова е светски проблем се знае но може да дојдеме до ситуација или да бидеме блокирани или да ни ги исклучат пумпите и да нема вода. За тоа треба да ве информираме.

Претседателот на Советот кажа, зошто има толкаво зголемување на струјата, дали имате поднесено жалба вие како ЈП, можеби да има и дефекти на апаратите, ова е енормно зголемување на сумата. Цената на струјата не е 4 пати зголемена.

Претставникот од ОЈП кажа, плаќаме со индустриска струја, сите ЈП во Македонија го имаат истиот проблем, пумпите и водомерите се во ред, инаку се е сменето во сите други населени места освен за Теново.

Претседателот на Советот кажа, јас мислам дека време е да смениме со фотоволтаични панели за пумпите, за дел од пумпите каде што има можност, ние како информација го имаме, не можеме да носиме одлука, претставниците од општината кои имаат пристап до овие информации тие треба да направат промени во ребалансот на Буџетот, да се најде некое решение. Интересот на граѓаните е пред се ако има потреба ќе бараме до Владата на РМ решение, заеднички е проблемот, не е само на ЈП, на општината и на граѓаните.

Претставникот од ОЈП кажа, едно ЈП бараше во името на сите ЈП од државата до Владата на РМ но одговорот од Владата беше дека ние како ЈП сме основани од општината. Помош барајте од општините.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, ако за шести месец сте платиле фактура од 29.500 евра, тогаш колку ќе биде за наредниот. Дали вие имате директно до нас барање како до Совет, за овие 29.000 евра да не останале од порано нечитани, не може за еден месец 30.000 евра струја, тогаш за три месеци треба 100.000 евра, каде сме тогаш, сме плаќале 6.000 евра, поскапено е невикам дека не е, колку се приходите од луѓето што плаќаат сметки тогаш треба одма да се реагира бидејќи цела општина ќе остане без вода. За 12 месеци 360.000 евра, добро да се види да не е ова некоја грешка, колку кубика сме имале потрошено вода минатата година па и оваа да се види да не се губи водата некаде, ова треба да се анализира добро а ние како општина треба да реагираме бидејќи ние сме како основачи на ЈП, ова е сериозна работа.

За збор се јави Дончо Симјаноски и кажа, дали ќе може соодветниот од ОЈП за наредната седница да ни достави една фактура за последниве 6 месеци. Имам видено фактура за училиштето, ми се чини за февруари месец 90.000 денари, има месеци од 2012 година, без никакво предупредување ЕВН пишува за март месец 2012, јули месец 2013, август 2015, се плаќале фактурите меѓутоа не редовно и затоа не добивале училиштата и јавното информација за заостанат долг, такви фактури не доаѓале. Дојдена е еднаш фактура за уназад 10 години, па затоа бараме од претпријатието да ги земе фактурите и да се види дали има заостанат долг, ова е апсолутно не реално. Зголемувањето е сега од 01.07 месец, да ги видиме фактурите да не имате заостанато нешто па да не дошло све одеднаш.

Претставникот од ОЈП кажа,ние петпазливи сме биле секогаш за тоа што вие го кажувате, секогаш сме плаќале, ова е тоа што е, од први цела општина со школите со нас сме излегле на слободен пазар, да купуваме струја на друга фирма. Нас тоа не чудеше, и поретходниот месец беше многу и за четврти месец многу, кога ни дојде ова од шести месец, сега сме со две фактури, едната ни ја праќа ЕВН за мрежата а другата ја праќа тој што ја продава струјата. Тој што ја продава струјата за 6 месец свативме дека е многу, не се работи за паушални смеки тоа е реалност.

Претседателот на Советот кажа, ова за мене е нереален факт, во иднина со администрацијата ќе видиме како може да се најде некое решение, или да скратиме ова е за понатаму. Ќе биде пренесена

информацијата до администрацијата и до Градоначалникот, можеби до наредната седница ќе се разгледа цела ситуација. Нешто не ми е јасно, како може ако не се троши толку вода да се плаќа многу за струја.

Абеб Нухии зеде збор и кажа, нешто тука не е логично, ако случајно водата не поминува низ водомерите или пак има некоја друга грешка кај фактурите. Струјата не е четири пати поскапена, врз основа на овие податоци не излага сметката, можеби е проблемот во тоа што сите немаат водомери.

Претставникот од ОЈП кажа, не е работата во водата, лани од слободен пазар ја купивме струјата по 5 денари за киловат сега општината правела договор со новиот по 32 денари киловат. Од 5 денари на 32, и општината не е крива, тој е најевтин ако останевме со ЕВН ќе го плаќавме 40 и неколку денари. Мината година плаќавме по 5 денари за киловат, поскапувањето е и ќе биде уште поголемо.

Претседателот на Советот кажа, кога ќе цените дека ќе има место за оваа точка ќе дискутираме, ви благодарам колеги за излагањето,

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши дванаесеттата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**
Наташа Стојческа

**Совет на општина Брвеница**
**Претседател,**
**Бујамин Рушити**

**Бр.08-2340/2**
**15.08.2022 год.**
**Брвеница**